Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-80/2

08-07-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-779/1 од 06.11.2023 година, поднесена од од Скопје преку Синдикат на полиција во Македонија против Министерство за внатрешни работи, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

НЕ СЕ УТВРДУВА директна дискриминација сторена од Министерството за внатрешни работи врз од Скопје во областа на работата и работните односи.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) на 06.11.2023 година е доставена претставка бр. 08-779/1 од страна на Синдикат на полиција во Македонија во име на за сторена дискриминација од страна на Министерството за внатрешни работи.

Согласно наводите од претставката, е вработен како за управни работи во Одделение за управни работи и е член на Синдикатот на полиција во Македонија, до кој се има обратено за да побара правна заштита, односно со цел поднесување претставка за заштита од дискриминација. Против бил поднесен предлог за поведување на постапка за утврдување на одговорност за повреда на работниот ред и дисциплина број 12-280/1 од 20.04.2023 година поради тоа што учествувал на настан организиран од страна на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, со што сторил повреда на член 168 од Законот за внатрешни работи (ЗВР), а во самиот предлог бил цитиран членот 210 став 1 точка 21 од Колективниот договор на МВР. Ваквиот предлог бил на иницијатива на Одделот за внатрешна контрола, односно помошник на министерот која иницијатива е со бр. 14.1.1-476/5 од 10.04.2023 година. За разлика од овој случај со поднесување на предлог за поведување на постапка за утврдување на одговорност за повреда на работниот ред и дисциплина, за други вработени во вакви случаи не биле иницирани такви постапки. Подносителот на негово барање до Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, во врска со еднакво постапување во вакви случаи добил одговор дека дисциплински постапки во МВР исто се спроведуваат за сите

вработени, односно сите вработени имаат ист третман кога се поведува дисциплинска постапка. Понатаму, со акт на СПМ број 18-99 од 06.07.2021 година до ОВККИПС било пријавено дека од страна на [redacted], било постапувано спротивно на Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи, односно на член 168 од ЗВР, со тоа што на својот профил на социјалната мрежа „FACEBOOK" тој објавувал партиски активности на политичката партија СДСМ. Од страна на ОВККИПС до СПМ бил доставен одговор број 14.2.2-1724/2 од 05.08.2021 година со кој известуваат дека полициски службеници од ОВККИПС извршиле увид во доставените извадоци на „FACEBOOK" профилот на [redacted], како и непосреден увид во неговиот „FACEBOOK" профил и констатирале дека со објавените содржини тој не сторил повреда на одредбите од Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи ниту на други законски или подзаконски прописи во МВР. Следно, со претставка на СПМ до ОВККИПС број 18-214 од 7.11.2022 година било пријавено дека високи полициски структури во МВР на ден 28.10.2022 година учествувале на граѓанската трибина во Прилеп под мотото „Силно и одлучно кон иднината" и на тој начин ја претставувале политичката партија СДСМ и го прекршиле член 168 од ЗВР. Вработените за кои станува збор биле [redacted] Во однос на претставката, од страна на ОВККИПС до СПМ бил доставен одговор број 14.2.2-2036/8 од 2.12.2022 година со кој известуваат дека полициските службеници [redacted] ја прекршиле одредбата од член 168 од ЗВР, односно не истакнувале симболи на ниту една партија во просториите или службените возила на МВР. Именуваните исто така не истакнале партиски симболи ниту на трибината на која биле присутни. Според подносителот, со доставените докази и примери е очигледно дека [redacted] сторил дискриминација кон вработениот [redacted] споредбено со другите идентични случаи наведени во претставката.

Кон претставката во копии во прилог, подносителот доставил: Одговор број 16.1.1-1147/11 од 30.8.2023 година; Акт на СПМ број 18-99 од 6.7.2021 година; Одговор број 14.2.2-1724/2 од 5.8.2021 година; Претставка на СПМ до ОВККИПС број 18-214 од 7.11.2022 година; Одговор број 14.2.2-2036/8 од 2.12.2022 година и Предлог за поведување на постапка за утврдување на одговорност за повреда на работниот ред и дисциплина број 12-280/1 од 20.4.2023 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до Министерството за внатрешни работи, Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС), достави барање бр. 08-779/4 за изјаснување по наводите во претставката.

На ден 15.01.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Одделот за внатрешна контрола,


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

криминалистички истраги и професионални стандарди Рег.бр. 14.2.2-476/8-2023, заведено под бр. 08-80/1.

Во однос на постапката за поведување и водење на дисциплински постапки во МВР, известуваат дека согласно одредбите од Колективниот договор на МВР, во случај кога е утврдено дека работникот врши кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, се поднесува писмен предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

Согласно одредбите од Колективниот договор, дисциплинската постапка започнува со поднесување на предлог за нејзино поведување до Одделот за дисциплински и судски постапки кој ја оценува оправданоста на предлогот и доколку го прифати, закажува расправа на која донесува предлог за соодветна дисциплинска мерка, кој предлог го доставува до министерот за внатрешни работи. Конечната одлука ја носи министерот во форма на решение против кое работникот има право на приговор до второстепена комисија при Владата на Република Северна Македонија, а како трета инстанца, има можност доколку е незадоволен од одлуката да поведе и судска постапка. Согласно наведеното, информираат дека ОВККИПС е само предлагач во постапката, додека самата постапка ја води Одделот за дисциплински и судски постапки, а конечна одлука носи министерот за внатрешни работи.

Во однос на поднесената иницијатива за поднесување предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност за работникот , Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, постапувал по добиено сознание дека од страна на работникот е постапено согласно членот 168 од Законот за внатрешни работи согласно кој: „Работник во Министерството не смее да биде член на политичка партија, да основа, раководи, да ја застапува и претставува политичката партија или да биде член на органи и тела на политичка партија.".

Работникот не смее да носи или да истакнува партиски симболи во просториите или во службените возила на Министерството, партиски да се организира или дејствува во Министерството.". Работникот , на ден 16.02.2023 година присуствувал на партиски состанок/средба организирана од страна на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ при што на социјалната мрежа Фејсбук на фан страницата на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ Скопје е објавена фотографија на која се гледа присуство на работникот Над фотографијата бил објавен текст „Претседателот на Градскиот комитет . денес оствари средба со партиското јадро на Скопје, претседателите на општинските комитети, Унијата на жени и Унијата на млади сили. Следи динамичен период проследен со низа активности, настани и проекти. Продолжуваме со уште позасилено темпо, обединети и сплотени за исти идеи. Градскиот комитет ќе биде уште посилен како никогаш досега!". Тие наведуваат дека од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е утврдено дека со ваквата објава на социјалната мрежа Фејсбук, сторил потешко кршење на работниот ред и дисциплина на начин што постапил спротивно членот 168 став 1 од

Законот за внатрешни работи согласно кој: „Работник во Министерството не смее да биде член на политичка партија, да основа, раководи, да ја застапува и претставува политичката партија или да биде член на органи и тела на политичка партија.“.

По поднесената иницијатива од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, раководителот на организациската единица каде работи поднел предлог за поведување на дисциплинска постапка бр.12-280/1 од 20.04.2023 година, кога веќе влезе во сила Колективниот договор за изменување и дополнување на Колективниот договор на МВР, па од тие причини предлогот е доставен до Одделот за дисциплински и судски постапки во МВР, кој го прифатил предлогот, водел расправа и на Министерот за внатрешни работи му предложил дисциплинска мерка „Парична казна“, а Министерот донел решение бр.23.1-109234/1 од 20.04.2023 година со кое на му се изрекува мерка „ПАРИЧНА КАЗНА“ во износ од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот во траење од 6 (шест) месеци, согласно член 211 став 1 точка 2 од Колективниот договор на МВР на РСМ.

Во однос на наводите од претставката кои се однесуваат на дискриминирачко постапување од страна на Помошник на министерот во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди , а во врска со претставка од страна на Синдикатот на Полицијата на Македонија до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди против полициските службеници во Оддел за криминалистичка полиција и во Единица за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет во Бирото за јавна безбедност, поради тоа што истите присуствувале на Граѓанска трибина која се одржала во Прилеп на 28.10.2022 година под мотото „Силно и одлучно кон иднината“ и со тоа што ракоплескале при интонирањето на македонската химна и по завршување на говорот на премиерот ја претставувале политичката партија СДСМ и го прекршиле член 168 од Законот за внатрешни работи и одредбите од Колективниот договор на МВРИ од Етичкиот кодекс на однесување на работниците на МВР, известуваат дека ОВККИПС го прегледале доставеното ЦД со видео материјал од настанот и утврдиле дека иако наведените полициски службеници присуствувале на настанот, истите не направиле објави од нивни профили на ниту една од социјалните мрежи, а воедно тие во тој период не биле работно ангажирани. Дополнително, тие известуваат дека наведените полициски службеници присуствувале на настан Граѓанска трибина од јавен карактер во Прилеп и не истакнувале симболи на политички партии, ниту партиски се организирале и дејствувале, па следствено тие не постапиле спротивно на Колективниот договор на МВР, ниту на Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи, ниту ги прекршиле одредбите од Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во Министерството за внатрешни работи, односно истите не објавиле содржина на свој личен профил на социјална мрежа од нивното присуство на


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

трибината. Понатаму, во однос на наведениот случај во претставката со постапувањето на Помошник на министерот во Одделот за внатреше контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во врска со поднесена претставка од страна на Синдикатот на Полицијата на Македонија, со бр.18-214 од 07.11.2022 година до ОВККИПС

а во врска со направени објави на социјални мрежи, известуваат дека во прилог на актот биле доставени извадоци од „FACEBOOK“ профилот на именуваниот во кои тој објавува содржини преземени од „FACEBOOK“ профилот на министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, како и содржина преземена од Канал 5 Телевизија, а се однесува на пратеничката од СДСМ Стојчевска и содржини поврзани со внатрепартиските избори во СДСМ на 21.3.2021 година. Според нив, во овој случај станува збор за преземени содржини од „FACEBOOK“ профилот на министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, како и содржина преземена од Канал 5 Телевизија и дека со таквите содржини тој не упатил навреди кон никого, ниту пак некого омаловажил и не го прекршил Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи. Истакнуваат на Упатството каде е наведено дека: „Работникот при користење на социјалните мрежи потребно е да ги почитува другите физички лица во комуникацијата“ и „Работникот на Министерството е должен при користење на сопствените профили на социјалните мрежи да се однесува со почит спрема сите работници кои повеќе не работат и работници кои се во работен однос во Министерството, како и кон граѓаните, полицијата и Министерството.“. Па следствено, не сторил повреда на Упатството.

На крајот истакнуваат дека сите три случаи наведени во претставката од Синдикатот на полицијата на Македонија не е исполнет условот од законската дефиниција на поимот „дискриминаторско однесување“ и поимот „директна дискриминација“, бидејќи случаите не се однесуваат на слична ситуација, односно не се случени во исти и слични услови. Исто така, истакнуваат дека во конкретниот случај наведен во претставката, не станува збор за повреда на права кај посочениот работник кои тој ги ужива како основни човекови права загарантирани со Уставот и меѓународните документи ратификувани согласно Уставот на РСМ. Следствено, сметаат дека претставката е во целост неоснована.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Согласно член 8 став 1 од истиот Закон, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Имајќи ги во предвид изнесените факти и околности во претставката на подносителот и во изјаснувањето на потенцијалниот дискриминатор, Комисијата утврди дека Министерството за внатрешни работи не сторило директна дискриминација врз

Комисијата утврди дека не станува збор за можни споредливи ситуации, односно за исти или слични околности врз чија основа би се ценело потенцијалното дискриминаторско постапување.

Имено, во случајот на станува збор за објава на социјалната мрежа „FACEBOOK“ од неговиот личен профил, во однос на настан поврзан со одредена политичка партија, додека во случајот на станува збор за споделувања на објави од службената „FACEBOOK“ страница на министерот за внатрешни работи, односно се работи за споделување на активности на јавен функционер, а во случајот на се работи за нивно присуство на граѓанска трибина во Прилеп, што тие воопшто го немаат објавено на личен профил на некоја од социјалните мрежи, притоа не е забележано дека истакнувале симболи на политички партии.

Оттука, земајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде факти и околности кои укажуваат на тоа дека врз било постапувано различно, односно понеповолно во споредлива или слична ситуација во однос на останатите колеги и

Согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*
*1. Синдикат на полицијата во Македонија*
*2. Министерство за внатрешни работи*
*3. Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk